ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 04-443/4
10.09. 2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 37-и од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012,, 119/2013, 41/2014,138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022), член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019 и Службен весник на РСМ бр. 14/2020, 95/2020 и 302/2020), член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008......120/2018 и Службен весник на РСМ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2024

## За вработување на 1 (еден) давател на јавни услуги и 1 (едно) помошно – техничко лице на неопределено време за следните работни места

1.Општ комунален работник со шифра на работното место КДР0305В02001 (давател на јавни услуги) во Одделение за технички работи и услуги / Сектор за технички работи и развој – 1 (еден) извршител

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Активно да го користи македонскиот јазик;
- Да е полнолетен;
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Основно образование;
- Со или без работно искуство во струката.

**Распоред на работно време:**

- Вид на вработување: неопределено време
- Работни денови: Понеделник – Петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: 07:00 до 15:00 часот
- Паричен износ на основна нето плата: 22.600,00 денари

Предвидени вработувања согласно Годишниот план на институцијата за 2024 гидина се: Македонец(ка)

Со кандидатите се спроведува интервју.